**20091533229**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за платите на судиите, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 декември 2009 година.

Бр. 07-5267/1
16 декември 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ**

Член 1

Во Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/2007, 103/2008 и 161/2008), во членот 2 ставот (3) се менува и гласи:

"Платата на судијата може да се намали само при утврдена дисциплинска одговорност согласно со закон."

Член 2

Во членот 3 став (2) бројот "10" се заменува со бројот "15".

Член 3

Во членот 5 став (2) зборот "нето" се брише.

Член 4

Во членот 6 став (2) алинеја 3 по зборовите: “апелационите судови“ се додаваат зборовите: “и судиите во специјализираното судско одделение во Основниот суд Скопје 1 Скопје надлежно за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на Република Македонија“.

Член 5

Членот 8 се брише.

Член 6

Членот 9 се брише.

Член 7

По членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

„Член 11-а

Судија кој по потреба на службата времено е упатен да ја врши судиската функција во друг суд, има право на плата во висина на платата на судијата во тој суд, доколку таа е поповолна за него.“

Член 8

Во членот 12 став (1) алинејата 3 се менува и гласи:

„- надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството во висина регулирана согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, како и надоместок за превоз за четири повратни патувања од местото каде што ја врши функцијата до местото каде што живее, во висина на автобуска карта, доколку не користи надоместок за одвоен живот,“.

Алинеите 6, 7 и 8 се менуваат и гласат:

„- во случај на смрт на судија на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ регулиран согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија,

- во случај на смрт на член на потесно семејство на судија (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) на судијата, ако живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина регулирана согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и

- во случај на боледување подолго од шест месеца и во случај на потешки последици од елементарни непогоди, во смисла на Законот за заштита и спасување, на судијата му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во судот каде што е вработен.“

Член 9

Во членот 13 став (1) точката а) се менува и гласи:

„а) надоместок за дневница за службено патување во земјата без трошоци за ноќевање во износ утврден согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и“.

Во ставот (2) точка б) точката и запирката се заменуваат со сврзникот “и“.

Во точката в) зборовите: “во хотелите со категорија до пет ѕвездички“ се заменуваат со зборовите: “за хотелско сместување“.

Точката г) се брише.

Член 10

Членот 14 се брише.

Член 11

Членот 16 се брише.

Член 12

Во членот 19 годината “2009“ се заменува со годината “2008“. По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Работодавачот утврденото право на плата во 2010 година може да го зголеми за 10% започнувајќи со исплатата за септември 2010 година.“

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2010 година, освен членовите 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 од овој закон кои ќе се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон.